Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Виктор Цветковски од Куманово УП2 09-45/24 од 7 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-193 од 28 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-193 од 28 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Виктор Цветковски од Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-45/24 од 7 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-193 од 28 декември 2023 година на КЕЦ Куманово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на помошен земјоделски објект во с. Герман, Ранковце.

Жалителот потенцира дека Известувањето за некомплетна документација не му е доставена, како и дека не живее на адресата на која е испратено. Потенцира дека поседува одобрение за градба на помошен земјоделски објект, а единствен услов за издавање на такво Одобрение е да на постоечката парцела не постои урбанистичко-планска документација, со што објективно нема можност да ја достави побараната документација бидејќи за тој дел од селото не постои урбанистичко-планска документација.

Според Електродистрибуција - пред се е изготвено Известување за некомплетна документација каде што е наведено дека е потребно да се достави Извод од ДУП, УПС или УПВНМ или потврда дека наведената парцела не се наоѓа во плански опфат.

Потоа е изготвено сега приговараното Решение заради некомплетирање на документацијата во дадениот рок. Во прилог е доставена и Повратница од Македонски Пошти каде е приложено дека барателот бил известен, но не побарал никакво известување.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 18 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-45/24 од 7 февруари 2024 година со прилог:

-Повратница од Македонски Пошти

-Имотен лист

-Одобрение за градба

-Приговор

2. Дополнителни докази од ЕВН од 16 февруари 2024 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок

GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 19 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) (понатаму: Мрежни правила) операторот на електродистрибутивниот систем (понатаму: ОДС) не смее да ги приклучува на дистрибутивната мрежа објектите за кои не е издадено одобрение за градење или решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект во согласност со закон за градење или не е издаден соодветен документ согласно закон.

Согласно член 20 од Мрежните правила приклучувањето на дистрибутивната мрежа се одвива преку спроведување на следните три постапки:

1) барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа,

2) склучување на Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа помеѓу корисникот на дистрибутивната мрежа и ОДС и

3) ставање под напон на приклучокот.

Согласно член 24 став (1) точка 1) од Мрежните правила, за објекти за кои одобрение за градење не е издадено преку информацискиот систем е-одобрение за градење или за кои е издадено решение за утврдување на правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, барањето за согласност за приклучување на потрошувач на дистрибутивната мрежа се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП – 1.

Согласно став (6), образецот БСП – 1 особено содржи:

1) Општи податоци за корисникот
2) Причина поради која се поднесува образецот
3) Број на предвидени мерни места
4) Барана едновремена максимална моќност
5) Потребни останати документи кои треба корисникот да ги достави во прилог на образецот

Согласно став (6) точка 5) – помеѓу потребни останати документи кои треба корисникот да ги достави во прилог на образецот е и доказ за сопственост согласно горенаведениот член 19 од Мрежните правила.

Согласно член 35 став (1) точка 1) од Мрежните, ОДС ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога во прилог на БСП 1, односно БСП 2, не е доставена комплетна документација согласно член 24 од овие Мрежни правила.

Барателот на приклучок во постапката пред Електродистрибуција не доставил комплетна документација.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–45/24**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**